РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-174/2
30-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-2338/1 од 26.04.2023 година, оформен по доставена пријава против _____ _______, ______ __ ___________ _ ______ за образование и наука **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од причина што постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-2338/1 од 26.04.2023 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител на ден 26.04.2023 година, поднесена е пријава со наводи против _____ _______, актуелен _________ __ _________ _ ________, при што ДКСК оформи предмет број 12-2338/1 од 26.04.2023 година.

Предмет на доставената пријава претставува незаконски донесено Решение на _________ __ __________ _ ________со кое се именува ВД директор на Основното Училиште ______ _______ _________ и тоа два пати едно по друго, што е спротивно на членот 118 став 4 и 5 од Законот за основно образование.

По однос предметните наводи, ДКСК се обрати до Државниот просветен инспекторат и побара да изврши инспекциски надзор над пријавените состојби и за утврдените наводи да достави записник/ извештај/ решенија од инспекциски надзор, или доколку претходно е извршен таков надзор, да се доставаат наведените записник/ извештај/ решенија.

Како одговор на доставеното барање во законски предвидениот рок од страна на Државниот просветен инспекторат до ДКСК доставено е известување со архивски број 09-631/2 од 05.06.2023 година, како и прилог копии од

записник/извештај/решенија од спроведен инспекциски надзор со информации и објаснување за наводите, и од увидот на доставеното констатирано е следното:

Државниот просветен инспекторат има констатирано дека претседателот на училишниот одбор при ___ ______ ______ ______ ги пречекорил своите овластувања и постапил спротивно на член 108 од законот за основно образование.

За констатираното и утврдените неправилности дополнително известени се подносителот на пријавата, директорот на ДПИ и министерот за образование и наука.

Дополнително во своето тековно постапување по оформениот предмет, ДКСК се обрати и побара податоци и информации од _________ __ __________ _ _________ дали и како е постапено по однос на добиеното известување од Државниот просветен инспекторат.

Во законски предвидениот рок од страна на _________ __ __________ _ _________ до ДКСК доставено е известување со прилог документација и од увидот на доставеното констатирано е следното:

За да не се доведе до ситуација на нефункционалност на ___ ______ ______ - _______, лицето ______ ______ е именувано за ВД директор по втор пат од причина што од страна на училишниот одбор Министерството има добиено известување дека само наведеното лице бил единствен од редот на вработените кој ги исполнувал условите за директор. Во периодот кој што следи по именувањето на вд директор на училиштето, преземени сите законски дејствија, така што во транспарентна постапка во месец јуни завршен е изборот на директор на училиштето.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај тековно се постапувало од друг надлежен орган – Државниот просветен инспекторат, а дополнително имаме и променета фактичка состојба Министерот за образование и наука има постапено согласно членот 115 став 12 од Законот за основно образование.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: П.Б
Одобрил: Ш.С. член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**